

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**јануари, 2022 година**

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# СОДРЖИНА

Резиме ........................................ 2

1. Реален сектор

Индустриско производство ........................................ 3

Број на работници во индустријата ........................................ 4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ........................................ 4

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ........................................ 5

Инфлација ........................................ 5

Берзански цени ........................................ 7

2. Надворешнотрговска размена

Извоз ........................................ 9

Увоз ........................................ 10

Салдо на трговска размена ........................................ 11

Валутна структура ........................................ 11

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ........................................ 11

Буџетски расходи според економската класификација ........................................ 13

Расходи по буџетски корисници ........................................ 13

Буџетско салдо ........................................ 15

4. Социјален сектор

Новoвработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување ........................................ 15

Плати ........................................ 16

Пензии ........................................ 17

5. Монетарен и финансиски сектор

Примарни пари ........................................ 18

Депозитен потенцијал ........................................ 18

Кредити на банките ........................................ 19

Каматни стапки на депозитни банки ........................................ 19

Пазар на капитал ........................................ 20

Девизни резерви ........................................ 20



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јануари, 2022 година

- Индустриското производство во јануари 2022 година забележа раст од 0,7% во споредба со истиот месец претходната година;
- Потрошувачките цени во јануари 2022 година регистрираа забрзан годишен раст од 6,7%;
- Во јануари 2022 година извозот забележа раст од 3,6%, а увозот од 29,3%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 170,4%, споредено со истиот месец од 2021 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во јануари 2022 година изнесуваа 16.768 милиони денари, односно 2,2% од БДП, што претставува повисоко остварување за 13,2% во однос на јануари 2021 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во јануари 2022 година изнесуваа 20.198 милиони денари, односно 2,6% од БДП, што е за 15,3% повеќе во однос на претходната година;
- Вкупните кредити на банките во јануари 2022 година се зголемија за 8,4% во споредба со јануари 2021 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 7,4%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство




Графикон 1.1: Индустриско производство (стапки на раст во %)

Извор: ДЗС.




Графикон 1.2: Структура на растот на индустријата (придонеси во п.п.)

Извор: ДЗС.

Индустриското производство во јануари 2022 година забележа раст од 0,7% во споредба со истиот месец претходната година, со што вкупното производство вторпат бележи раст во последните седум месеци. Растот во јануари 2022 година се јавува како последица на зголеменото производство во рударскиот сектор за 36,5% (придонес од 3,7 п.п.) и во енергетскиот сектор за 14,8% (придонес од 1,2 п.п.), додека секторот Преработувачка индустрија забележа пад од 4,3% (придонес од -3,5 п.п.).

Раст на производството во јануари 2022 година бележат 14 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 49,8% од вкупната индустрија. Од гранките со повисока додадена вредност, раст е забележан кај производството на моторни возила од 12,0% и придонес од 1,0 п.п., додека кај производството на машини и уреди е забележан пад од 19,2% и придонес од -1,3 п.п., како и кај производството на електрична опрема од 5,9% и придонес од -0,4 п.п.. Од традиционалните гранки, производството на пијалаци забележа раст од 6,5%




Графикон 1.3а: Гранки со позитивен придонес во растот (стапки на раст во %, јануари 2022 година)

Извор: ДЗС.




Графикон 1.3б: Гранки со негативен придонес во растот (стапки на раст во %, јануари 2022 година)

Извор: ДЗС.

(придонес од 0,2 п.п.), а производството на облека забележа раст од 0,4% со незначителен придонес, додека пад е забележан кај производството на текстил од 18,8% (придонес од -1,1 п .п.), кај прехранбената индустрија од 9,3% (придонес од -1,0



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

п.п.), како и кај производството на тутунски производи од 37,8% (придонес од -0,8 п.п.).

Растот на производството според намената на произведените единици во јануари 2022 година е последица на зголеменото производство на енергија од 18,9% (придонес од 1,9 п.п.), трајни производи за широка потрошувачка од 19,8% (придонес од 0,9 п.п.) и интермедијарни производи, освен енергија од 1,5% (придонес од 0,5 п.п.).

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во јануари 2022 година е намален за 2,4%. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори, и тоа: Рударство и вадење камен од 2,7%, Преработувачка индустрија од 2,5% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 1,3%. Меѓутоа, постојат гранки со значителен раст на вработеноста, како што се производство на тутунски производи од 21,2%, производство на хемикалии и хемиски производи од 8,2%, како и поправка и инсталирањемашини и опрема од 8,0%.

Графикон 14: Вработеност и продуктивност во индустријата (стапки на раст во %)




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во јануари 2022 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека намалувањето на бројот на работници е последица на падот во групите нетрајни производи за широка потрошувачка од 7,1% и енергија од 5,1%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во јануари 2022 година е понеповолна споредено со декември 2021 година, како и во однос на истиот месец од 2021 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во јануари изнесува 67,6% од нормалното искористување, што претставува пад споредено со претходниот месец кога изнесувало 68,8%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е намалена за 1,8 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производство во јануари имаат следните фактори: недостигот на квалификувана работна сила со 19,4%, недоволната странска побарувачка со 18,0%, неизвесното економско окружување со 14,4% и недоволната домашна побарувачка со 13,1%.

**Графикон 15:** Деловни тенденции во преработувачка индустрија




Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во јануари 2022 година во однос на декември 2021 година е понеповолна, очекувањата за обемот на



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

производството во наредните три месеци се поповолни, а залихите на готови производи на месечна основа се зголемени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во јануари 2022 година издадени се вкупно 259 одобренија за градење, што претставува раст од 30,2% споредено со јануари 2021 година. Во однос на претходниот месец, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 31,5%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во јануари 2022 година споредено со истиот месец од 2021 година е повисока за 186,0%, а на месечна основа бележи раст од 50,3%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 154 (или 59,5%) се наменети за објекти од високоградба, 24 (или 9,3%) за објекти од нискоградба и 81 (или 31,3%) за реконструкција на објекти.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 259 издадени одобренија за градба, на 171 објект (или 66,0%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 88 објекти (или 34,0%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во јануари 2022 година предвидена е изградба на 353 станови со вкупна корисна површина од 33.312м². Бројот на предвидени станови за изградба на месечно ниво е намален за 53,4%, а на годишно ниво е повисок за 94,0%.

Графикон 1.6: Одобренија за градење и вредност на работите (број во единици; вредност во милиони денари)




Извор: ДЗС.

Графикон 1.7: Структура на издадените одобренија за градење по региони (јануари 2022)




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.8:** Предвидена вредност на објектите по региони (во милиони денари)




## Инфлација

Потрошувачките цени во јануари 2022 година регистрираа забрзан годишен раст од 6,7% (4,9% во декември 2021 година), што главно се должи на растот на цените на енергенсите и храната. Цените на енергенсите во јануари се зголемија како резултат на зголемувањето на цената на струјата за домаќинствата за 9,48% и на укинувањето на дневната евтина тарифа, согласно одлуката на РКЕ, а со мал придонес се одрази и одлуката за зголемување на крајната цена на испорачаната топлинска енергија во просек за 14,05%. Базичната стапка на инфлација (инфлација во која е исклучено влијанието на цените на храната и енергенсите) останува умерена и изнесува 3,2% на годишна основа (2,9% во декември 2021 година).



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

Стапката на инфлација за 2021 година изнесува 3,2% и во овој период се забележува значителен раст на цените на маслото и на цените на нафтените деривати.

Во јануари 2022 година, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, којашто има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 9,2% на годишно ниво. Зголемувањето на стапката на раст на цените на храната се должи на зголемувањето на цените на повеќе продукти коишто имаа најголем позитивен придонес, пред сé на цените на лебот и житните производи (10,6%), на зеленчукот (14,8%), на овошјето (11,3%) и на месото (6,4%). Цените на маслото во јануари регистрираа заголемување од 26,1%.

Графикон 1.9: Инфлација според COICOP
(*стапки на раст во %*)




Извор: ДЗС.

Највисок годишен раст на цените во јануари 2022 година е забележан во категоријата Транспорт од 16,7%, што е резултат на растот на цените на воздушниот сообраќај и на горивата следен од порастот на цените во категориите Домување, вода, електрика, гас и други горива од 7,0%, Ресторани и хотели од 5,7%, Рекреација и култура од 3,0%, Разновидни стоки и услуги од 2,8%, Здравствена заштита од 2,7%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 1,5%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 1,1% и Облека и обувки од 0,3%. Пад на годишно ниво е регистриран во категориите Комуникации од 0,8% и Образование од 0,3%.

Графикон 1.10: Структура на инфлацијата според COICOP
(*придонеси во п.п.*)




Извор: ДЗС.

Потрошувачките цени во јануари 2022 година се зголемија за 1,5% на месечно ниво (претходниот месец беше регистриран раст од 0,4%), пред сé како резултат на зголемените цени на енергенсите и на храната. Цените на месечно ниво се зголемени во категориите: Домување, вода, електрика, гас и други горива од 5,8%, Храна и безалкохолни пијалаци од 1,5%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 0,7%, Транспорт и Разновидни стоки и услуги од по 0,6%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 0,5% и Ресторани и хотели и Здравствена заштита од по 0,4%. Пад на цените е регистриран во категориите Комуникации од 0,3% и Рекреација и култура од 0,2%. Цените во категоријата Образование останаа непроменети

Цените на мало во јануари 2022 година во однос на истиот месец претходната година се зголемија за 7,3%, а на месечна основа за 1,2%.

Во јануари 2022 година, стапката на инфлација во еврозоната регистрира забрзан раст и изнесува 5,1% на годишно ниво (5,0% во декември), што преставува највисока

стапка на раст во последните 13 години. Растот на цените се должи на значителниот раст на цените на енергијата од 28,6% (25,9% во декември), следен од порастот на цените на храната, алкохолот и тутунот од 3,6% (3,2% во декември), на услугите од 2,4% и на неенергетските индустриски добра од 2,3%. Стапката на инфлација за 2021 година во еврозоната изнесува 2,6%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во јануари 2022 година споредено со претходниот месец се зголеми за 15,1% и изнесува 85,5 долари за барел. Индустријата и економската активност во светот беа силно погодени од ограничувачките мерки поради пандемијата, па така во април 2020 година цената на нафтата го достигна дното, меѓутоа со вакцинацијата и укинувањето на карантините агрегатната побарувачка имаше нагорен тренд на движење. Претходните два месеца (ноември и декември) цената на нафтата регистрираше пад, но во јануари 2022 година истата се зголеми поради намалената понуда, односно поради загриженоста околу снабдувањето и политичките тензии во Источна Европа и на Блискиот Исток, како и поради ограничувањата во снабдувањето од страна на водечките производители од Организацијата на земјите извознички на нафта (ОПЕК) и нивните сојузници предводени од Русија. На годишно ниво, цената на нафтата е повисока за 56,8%.

Графикон 1.11: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Трендот на раст на цената на природниот гас што започна во 2020 продолжи сè до март 2021 година кога забележа силен месечен пад, за да во април повторно се врати на патеката на раст и континуирано регистрираше високи стапки на раст. Меѓутоа во ноември индексот регистрираше пад, за да на крајот од годината повторно регистрира раст. Во јануари 2022 година цената на природниот гас регистрираше пад од 16,5%, а причината за падот е привременото намалување на тензиите меѓу Русија и Украина со што се намалија европските цени на гасот. На годишно ниво, во јануари цената на природниот гас е 2,7 пати повисока. Таа регистрира забрзан раст во последните месеци како резултат на зголемената побарувачка поттикната од економското

Графикон 1.12: Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

закрепнување, но и затоа што сè повеќе држави се потпираат на природниот гас како енергенс што се употребува за загревање на домаќинствата и во индустриското производство, но и како резултат на напорите за истиснување на јагленот и за спроведување на зелената агенда. Земјите во Европа во овој период сé повеќе се соочуваат со ниски залихи на природен гас, меѓутоа дополнителен проблем претставуваат и непогодните временските услови како и намалувањето на количината на природен гас што Русија го испраќа во Европа преку Украина и намалувањето на производството од хидроцентралите.

Во јануари цените на основните метали бележат месечен раст на цената и тоа: на никелот за 11,7%, на алуминиумот за 11,5%, на калајот за 6,0%, на цинкот за 5,9%, на бакарот за 2,4% и на оловото за 1,3%. Цената на железната руда регистрираше раст од 13,3%.

Графикон 1.13: Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Во однос на благородните метали, златото во август 2020 година достигна историски највисока цена на светските берзи, по што следеше надолен тренд на истата сè до крајот на годината. Во 2021 година, цената на златото забележува наизменично движење, и по падот во декември, во првиот месец од годината таа регистрира раст од 1,4%. Трендот на месечен раст на цената го следеа и останатите благородни метали, па така цената на платината се зголеми за 5,2% а на среброто за 2,8%.

Цената на пченката на светските берзи во јануари 2022 година се зголеми за 4,6% на месечна основа, а цената на пченицата регистрираше раст од 1,3%.

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во јануари 2022 година изнесува 1.352,7 милиони евра и бележи раст од 17,5% во однос на јануари 2021 година. Во јануари 2022 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[1]), како најголем трговски партнер, е намалено за 0,6 п.п. споредено со јануари претходната година, и изнесува 61,1%.

Графикон 2.1: Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

[1] Започнувајќи од февруари 2020 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

Графикон 2.2: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во јануари 2022 година изнесува 23,2% и е намалено за 7,2 п.п. во однос на истиот месец од 2021 година.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во јануари 2022 година изнесува 546,0 милиони евра и бележи раст од 3,6% (18,7 милиони евра) во однос на истиот месец од 2021 година. Физичкиот обем на извозот е зголемен за 0,4% во споредба со јануари 2021 година.

Графикон 2.3: Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

Анализирано на месечно ниво, во јануари 2022 година извозот бележи пад од 7,9% (46,7 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен пад од 1,3%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (6,5 п.п.) врз извозот овој месец.

Главни групи производи (според СМТК[2]) со најголемо учество во извозот во јануари 2022 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 54,6% од вкупниот извоз на државата.

Графикон 2.4: Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Анализирано според економските групации[3] на земјите, во јануари 2022 година споредено со јануари

---

[2] Стандардна меѓународна трговска класификација

[3] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извозннички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).

2021 година, извозот бележи раст во групациите: ЕФТА, Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија, Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот Регион и Заедница на независни држави, додека пад има само во групацијата ЕУ 27. Извозот во ЕУ 27 бележи пад од 2,0% на годишно ниво, додека во земјите од Западен Балкан е забележан раст од 28,6%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 79,2% и 9,8%, соодветно.

Графикон 2.5:Структура на увозот по економска намена (учества во %)




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

## Увоз

Вредноста на увозот во јануари 2022 година изнесува 806,6 милиони евра и бележи раст од 29,3% (182,9 милиони евра) во однос на истиот месец од 2021 година. Увезените количини стоки се зголемени за 24,0%.

Анализирано на месечно ниво, во јануари 2022 година увозот бележи пад од 14,5% (137,3 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен раст од 7,2%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (21,8 п.п.) врз увозот во овој месец.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-2021 | I-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 2,2 | 1,7 | -0,5 | -21,2 |
| Мил.ЕУР | 136,1 | 164,5 | 28,4 | 20,9 |
| Мил.$ | 165,7 | 186,3 | 20,7 | 12,5 |

*)Претходни податоци

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-2021 | I-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 2,0 | 1,9 | -0,1 | -2,7 |
| Мил.ЕУР | 15,3 | 12,3 | -3,0 | -19,5 |
| Мил.$ | 18,6 | 13,9 | -4,7 | -25,2 |

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-2021 | I-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 66,4 | 62,2 | -4,2 | -6,3 |
| Мил.ЕУР | 55,4 | 68,9 | 13,5 | 24,3 |
| Мил.$ | 67,4 | 78,0 | 10,6 | 15,7 |

*)Претходни податоци

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-2021 | I-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 51,6 | 68,8 | 17,2 | 33,4 |
| Мил.ЕУР | 27,0 | 54,9 | 27,9 | 103,2 |
| Мил.$ | 32,8 | 62,1 | 29,2 | 89,0 |

| Извоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-2021 | I-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 6,5 | 6,8 | 0,3 | 4,6 |
| Мил.ЕУР | 74,5 | 81,6 | 7,1 | 9,6 |
| Мил.$ | 90,5 | 92,3 | 1,8 | 2,0 |

*)Претходни податоци

| Увоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-2021 | I-2022 | Салдо | Стапки во% |
| 000 Т | 4,5 | 5,4 | 0,8 | 17,7 |
| Мил.ЕУР | 55,9 | 65,5 | 9,6 | 17,2 |
| Мил.$ | 68,0 | 74,2 | 6,2 | 9,1 |



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

## Салдо на трговска размена

Во јануари 2022 година, трговскиот дефицит се зголеми за 170,4% односно 164,2 милиона евра споредено со истиот месец од 2021 година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на негативното салдо во размената со горива и мазива, стоки за широка потрошувачка и храна и пијалаци, како и на намалувањето на позитивното салдо во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема. Од друга страна, кон намалување на негативното салдо дејствуваше намалувањето на дефицитот во размената со индустриски набавки, како и зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

Графикон 2.6: Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во јануари 2022 година, најголем трговски дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција и Кина, а потоа следуваат Србија, Турција, Бугарија, Луксембург, Украина и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Шпанија, Унгарија, Холандија и Чешка.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 90,6% од трговската размена во јануари 2022 година е реализирана во евра, што во однос на јануари 2021 година претставува намалување за 1,9 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,4% и 89,4%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 2,0 п.п., додека кај увозот е намалена за 1,6 п.п. во однос на јануари 2021 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I-2021 | | | | | I-2022 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ.во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 288,8 | 567.735.360 | 61,5891 | 34.966.309.848 | 91,0 | 394,5 | 721.230.589 | 61,6898 | 44.492.570.809 | 89,4 | 153.495.230 | 27,0 |
| УСД | 145,5 | 61.587.851 | 50,5704 | 3.114.522.282 | 8,1 | 144,4 | 91.066.597 | 54,4905 | 4.962.264.385 | 10,0 | 29.478.745 | 47,9 |
| ГБП | 0,2 | 1.240.640 | 68,9436 | 85.534.220 | 0,2 | 0,1 | 942.734 | 73,8136 | 69.586.580 | 0,1 | -297.907 | -24,0 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 434,4 | | | 38.166.366.350 | 99,1 | 539,0 | | | 49.524.421.775 | 99,5 | | |
| вк извоз: | 435,4 | | | 38.416.306.390 | 100,0 | 539,9 | | | 49.762.020.462 | 100,0 | | 29,5 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во јануари 2022 година изнесуваа 16.768 милиони денари, односно 2,2% од БДП, што претставува повисоко остварување за 13,2% во однос на јануари 2021 година. Ова е дванаесетти последователен месец во кој е забележан годишен раст на приходите. Растот е резултат и на пониските приходи во

претходната година кога се почувствуваа значителни негативни ефекти од пандемијата врз буџетските приходи.

Даночните приходи се реализирани во износ од 10.565 милиони денари и се повисоки за 20,1% во однос на јануари 2021 година, најмногу како резултат на високиот раст на приходите од данокот на додадена вредност (ДДВ).

Графикон 3.1: Приходи по категории
(износи во милиони денари)



Извор: МФ.

Приходите од ДДВ стандардно имаат доминантно учество од 54,8% во вкупните даночни приходи со остварен износ од 5.788 милиони денари, што претставува зголемување од високи 33,0% во однос на истиот месец претходната година. Притоа, во јануари 2022 година ДДВ е наплатен во бруто-износ од 9.057 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 3.269 милиони денари (бруто-наплатата е повисока за 44,8%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 71,9% споредено со јануари 2021 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз којшто забележува повисоко остварување за 59,5%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 26,5%.

Акцизите се остварени во износ од 2.041 милион денари (учество од 19,3% во даночните приходи), што претставува зголемување од 5,7% во споредба со јануари 2021 година. Така, само од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 7.829 милиони денари, што претставува 74,1% од вкупните даночни приходи во јануари 2022 година.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 1.393 милиони денари и бележат раст од 5,5% на годишна основа, а притоа 66,0% од приходите се од плата и други лични примања, 7,8% од приходи по основ на договор на дело, 7,7% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 5,5% од приходи од капитал и 13,0% од други видови данок на доход.

Приходите од данокот на добивка во овој период изнесуваа 695 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 6,3% во однос на претходната година како резултат на позитивните остварувања кај месечните аконтации, коишто се зголемени за 13,5%, додека даночните биланси бележат значително намалување за 88,2%.

Приходите од царина се остварени во износ од 605 милиони денари и забележаа зголемување од 24,0%. Приходите од други даноци со остварен износ од 43 милиони денари забележаа намалено остварување за 18,9% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси се остварени во износ од 4.959 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 4,8% споредено со претходната година. Притоа, наплатата кај придонесите за здравствено осигурување е повисока за 5,2%, кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување за 4,7%, а кај придонесите за вработување за 4,6%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 909 милиони денари и во однос на јануари 2021 година забележаа повисоко остварување за 5,7% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се оствариja во износ од 99 милиони денари, што е зголемување за 25,3% во однос на минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се оствариja во износ од 175 милиони денари и се пониски за 40,1% во споредба со јануари 2021 година.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во јануари 2022 година изнесуваа 20.198 милиони денари, односно 2,6% од БДП, што е за 15,3% повеќе во однос на претходната година.




Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 18.234 милиони денари учествуваа со 90,3% и се зголемени за 13,5% во однос на јануари 2021 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 2.565 милиони денари, што претставува зголемување за 2,8% на годишна основа, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 12,7%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 970 милиони денари и споредено со истиот период од 2021 година забележаа зголемување од 18,6%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите коишто изнесуваа 13.468 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа повисока реализација за 15,9% споредено со јануари 2021 година и учествуваа со 66,7% во вкупните расходи.

Во рамки на трансферите, раст од 7,8% се забележува кај социјалните трансфери, кои изнесуваа 10.057 милиони денари, со што истите учествуваат во вкупните расходи со 49,8%. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 6.136 милиони денари, што е зголемување за 4,4% споредено со јануари 2021 година и учествуваат со 30,4% во вкупните расходи. Во категоријата други трансфери е регистриран висок раст од 60,4%, а притоа субвенциите и трансферите изнесуваат 1.546 милиони денари и се зголемени за скоро пет пати на годишна основа. Блок-дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 1.603 милиони денари забележаа минимален раст во споредба со истиот период претходната година.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 1.964 милиони денари со структурно учество од 9,7% во вкупните расходи, така што забележаа значително повисока реализација (раст од 35,4%) во споредба со јануари 2021 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува над 85% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во јануари 2022 година реализираше 4.092 милиона денари или 8,1% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (66,0%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 2.699 милиони денари или 7,9% од средствата наменети за 2022 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 24,0% во вкупните расходи и за оваа намена реализирани се 8,9% (981 милион денари) од планираните за 2022 година.

Во јануари 2022 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[4] реализирани се 2.737 милиони денари, што претставува 9,3% од предвидените за 2022 година. Каматни плаќања (1.242 милиона денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 45,4%, а притоа се реализирани 12,3% од планираните. Значајна ставка е и капитални расходи за којашто се издвоени 1.042 милиона денари (27,5% од планираното), односно 38,1% од вкупните расходи на овој буџетски корисник.

Графикон 33: Структура на расходите по буџетски корисници и раздели (јануари 2022 година)




Извор: МФ.

Министерството за образование и наука во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 2.025 милиони денари, што е 7,0% од вкупниот буџет за 2022 година. Најголем дел од расходите (67,3%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 1.362 милиона денари или 8,1% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 18,8%, за што се потрошени 381 милион денари, односно 8,1% од вкупно предвидените.

Во анализираниот период, од страна на Министерството за внатрешни работи вкупно се реализирани 1.026 милиони денари, што претставува 8,6% од сопствениот буџет за 2022 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 62,2%, за што се потрошени 638 милиони денари или 7,8% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 25,9%, за што се реализирани 266 милиони денари или 11,7% од годишниот план.

Во јануари 2022 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 9,7 милиони денари што претставува само 0,2% од планираните средства за тековната година. Од овој износ, доминантно учество (98,2%) отпаѓа на плати и надоместоци, за што се потрошени 9,5 милиони денари или 7,9% од вкупно планираните средства за 2022 година.

Министерството за одбрана во јануари 2022 година реализираше буџетски средства во износ од 607 милиони денари, што е 4,4% од вкупниот буџет за оваа година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество во расходите со 56,6%, за што во овој период се реализирани 344 милиони денари (7,9% од вкупно предвидените средства за тековната година). Стоките и услугите учествуваат со 34,1% во вкупните

[4] Во рамките на овој раздел опфатени се активности како што се: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА итн.

расходи, за што во анализираниот период се потрошени 207 милиони денари, односно 8,9% од вкупно предвидените.

Владата на Република Северна Македонија во јануари 2022 година реализираше вкупно 1.687 милиони денари, односно 17,3% од планираните средства за 2022 година. Притоа, субвенциите и трансферите учествуваат со високи 61,4% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 1.036 милиони денари (14,4% од предвидените средства).

Министерството за здравство, во јануари 2022 година изврши буџетски средства во износ од 119 милиони денари, што е само 1,6% од вкупниот буџет за 2022 година. Капиталните расходи имаат доминантно учество со 78,4% за што се потрошени 93 милиони денари или 7,3% од предвидените средства. Стоки и услуги е втора најзначајна ставка со учество во расходите од 14,6%, за што во овој период се потрошени 17 милиони денари или 0,6% од средствата наменети за 2022 година.

Министерството за транспорт и врски во овој период реализираше средства во износ од 68 милиони денари, што е само 0,6% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи како главна ставка изнесува 39,0% од вкупните реализирани средства на овој буџетски корисник (27 милиони денари).

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк (http://finance.gov.mk/mk/node/693).

## Буџетско салдо

Во јануари 2022 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 3.430 милиони денари, што претставува 0,4% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 2.099 милиони денари и претставува 0,3% од БДП. Буџетскиот дефицит во јануари 2022 година изнесува 10,2% од вкупно планираниот буџетски дефицит за 2022 година.

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во јануари 2022 година, во Агенцијата за вработување регистрирани се вкупно 15.081 новозаснован работен однос. Споредено со истиот месец од 2021 година, вкупниот број нововработени лица е зголемен за 21,6%. Високиот раст, меѓу другото, е резултат и на базниот ефект, откако во истиот период минатата година темпото на вработување беше забавено поради негативните ефекти од пандемијата.

Графикон 4.1: Преглед на невработени лица
(износи во единици)




Извор: АВРСМ.
Забелешка: Во март 2021 година е извршено прочистување на списоците на невработени лица.

Од вкупниот број нововработени, 40,4% се вработени на неопределено време, а другиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во јануари 2022 година, 17,9% се од евиденцијата на невработени.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Вкупниот број невработени лица во јануари 2022 година изнесува 177.796, од кои 127.753 се активни баратели на работа, а 50.043 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за високи 28,6%. Во однос на претходниот месец, бројот на невработени е намален за 7.824 лица, со што ова е единаесетти месец по ред во кој е регистриран пад на бројот на невработени, откако во 2020 година и почетокот на 2021 година овој број генерално беше во пораст.

Графикон 42: Преглед на нови вработувања
(износи во единици)




Извор: АВРСМ

Најголем дел од активните невработени лица (61,1%) се градско население, а според половата структура 49,0% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 67,4%, се со непотполно средно образование или помалку, 24,1% се со завршено средно образование, додека 8,5% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според старосната структура, 50,1% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 69,1% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 6,0% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во декември 2021 година оствари годишен раст од 5,8%, а споредено со ноември 2021 година истата е повисока за 2,8%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на декември 2020 година се забележува во следните сектори: Транспорт и складирање (13,1%), Градежништво (12,6%) и Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли (12,1%). Реалните плати во декември 2021 година забележаа годишен раст од 0,9%.

Графикон 43: Просечна нето-плата
(годишни стапки на раст во %)




Извор: ДЗС.

Графикон 44: Просечна нето-плата по сектори
(годишни стапки на раст во %)




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во декември 2021 во однос на истиот месец од 2020 година порасна за 5,9%, а на месечна основа истата е повисока за 2,8%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во декември 2021 година во однос на декември 2020 година се забележува во следните сектори: Транспорт и складирање (12,9%),

Градежништво (12,5%) и Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли (11,8%). Реалната бруто-плата во декември забележа годишен раст од 1,0%.

## Пензии

Во јануари 2022 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 325.816 пензионери. Од вкупниот број пензионери, 67,8% се корисници на старосна пензија, 23,1% се корисници на семејна пензија и 9,1% се корисници на инвалидска пензија.

Графикон 4.5: Корисници на пензии и просечна пензија (корисници во единици; просечна пензија во денари)




Извор: ФПИОСМ.

Просечната пензија во јануари 2022 година изнесува 15.856 денари и истата е за 1,5% повисока во однос на јануари 2021 година[5]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во декември 2021 година (последни расположливи податоци) изнесува 53,0%.

Просечната старосна пензија во јануари 2022 година изнесува 17.140 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 14.296 денари, а просечната семејна пензија 12.696 денари. За исплата на пензиите во јануари 2022 година се потрошени 5.080 милиони денари, што претставува 45,1% од вкупните социјални трансфери.

# 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во јануари 2022 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на нивото од 1,25%, откако во првиот квартал претходната година ја намали за 0,25 п.п. од 1,5% на 1,25%, како резултат на олабавувањето на монетарната политика. Народната банка ја намали каматната стапка на благајничките записи во три наврати во 2020 година со цел поддршка на економската активност и заради ублажување на ефектите од пандемијата врз домашната економија.

Графикон 5.1: Валутна структура на депозити и кредити (јануари 2022 година)




Извор: НБРСМ.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

5 При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

## Примарни пари

Во јануари 2022 година, примарните пари[6] се зголемија за 20,9% на годишно ниво. Растот на примарните пари се должи на зголемувањето на вкупните ликвидни средства за 46,7%, додека готовите пари во оптек се зголемија за 1,9%.

На месечно ниво, примарните пари се зголемија за 3,7%, што е резултат на зголемувањето на вкупните ликвидни средства на банките за 9,4%, додека готовите пари се намалија за 1,9%.

## Депозитен потенцијал[7]

Вкупните депозити на банките во јануари 2022 година се намалија за 0,8% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија и домаќинствата се намалија за 3,1% и 0,1%, соодветно.

Графикон 5.2: Депозити и кредити
(стапки на раст во %)




Извор: НБРСМ.

Од аспект на валутата, во јануари 2022 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна валута се намалија за 1,8%, додека депозитите во странска валута се зголемија за 0,4%,

Вкупниот депозитен потенцијал во јануари 2022 година оствари раст од 7,4% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна и во странска валута се зголемија за 1,7% и 15,9%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата и депозитите на домаќинствата бележат раст од 14,8% и 6,8%, соодветно.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 11,5%, а долгорочните депозити се намалија за 5,9%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 56,4 %.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (јануари 2022 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Депозитен потенцијал | ***464.690*** | ***-0,8%*** | ***7,4%*** |

[6] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[7] НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *262.221* | *-1,8%* | *1,7%* |
| *Странска валута* | *202.469* | *0,4%* | *15,9%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *201.696* | *0,4%* | *11,5%* |
| *Долгорочни* | *97.244* | *-0,8%* | *-5,9%* |
| | | | |
| Кредити на приватен сектор | ***386.900*** | ***0,0%*** | ***8,4%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *229.821* | *0,1%* | *10,0%* |
| *Странска валута* | *157.078* | *-0,1%* | *6,2%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *62.808* | *2,2%* | *10,7%,* |
| *Долгорочни* | *307.972* | *-0,5%* | *8,6%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *12.671* | *2,2%* | *5,0%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во јануари 2022 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор останаа непроменети во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека на месечно ниво кредитите кон претпријатијата се намалија за 0,1%, а кредитите кон домаќинствата останаа непроменети. Од аспект на валутата, во јануари 2022 година, на месечно ниво денарските кредити се зголемија за 0,1%, а девизните кредити се намалија за 0,1%.

На годишна основа, во јануари 2022 година вкупните кредити се зголемија за 8,4%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 8,5% и раст на кредитите кон претпријатијата од 7,8%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 10,0%, а кредитите во странска валута за 6,2%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 8,6%, а краткорочните кредити од 10,7%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во јануари 2022 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,02 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 4,35%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,03 п.п. и изнесува 4,62%, додека каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,01 п.п. и изнесува 4,01%.

Графикон 5.3: Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Вкупната каматна стапка на депозитите во јануари 2022 година изнесува 0,71% и е намалена за 0,03 п.п. во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити е намалена за 0,05 п.п. и изнесува 1,03%, како и каматната стапка на девизните депозити која е намалена за 0,01 п.п. и изнесува 0,44%

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во јануари 2022 година вкупниот промет на берзата регистрираше раст од 7,3% на месечно ниво како резултат на зголемувањето на прометот од блок трансакциииите за 138,2%, додека прометот од класичното тргување регистрираше пад од 7,5%.

Графикон 5.4: Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Вкупниот промет на берзата во јануари 2022 година изнесуваше 901,8 милиони денари и истиот е зголемен за 75,4% на годишно ниво.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на јануари 2022 година изнесуваше 6.226,37 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 1,2%, а во однос на истиот месец претходната година регистрираше раст од 27,2%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на јануари 2022 година изнесуваа 3.465,07 милиони евра и во однос на претходниот месец се намалија за 4,9%, а во однос на јануари 2021 година регистрираа раст од 3,9%.